Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

Сашка
2/12/2021

926

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
СКОПЈЕ / SHKUP
Примено / Pranuar: 02. 12. 2021

| Орг. единица / Njësia organizative | Бр. / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| 13- | 926/4 | | |

Бр. 02-2330/4
01. 12. 2021 год

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

**До:**
**Инспекциски совет**
**Ул. Даме Груев бр.3 блок 2, локал 5**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Конечен извештај за за извршена внатрешна ревизија во Инспекциски совет во 2021 година

Почитувани,

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола „(Службен весник на РМ" бр.90/09, 188/13 и 195/15 ) и член 13 и 15 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на РМ" бр.136/10), Повелбата и Годишниот план за работа на ревизијата и склучениот договор за соработка, Ви доставуваме 1 (еден) примерок од Конечен извештај за извршена внатрешна ревизија на регуларност при носење на подзаконските акти согласно ЗИН со посебен осврт на пропишаната регулатива и нејзина практична примена при подготовка на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и годишниот извештај за работа на надлежните инспекциски служби во РСМ.
По приемот на Конечниот извештај должни сте да го известите одделението за внатрешна ревизија и претседателот за преземените мерки во врска со наодите и препораките од доставениот извештај.

Со почит,

в.д Директор,
**Никлоче Бабовски**

Изработил:Виолета Јовановска
Одделение за внатрешна ревизија

ДОСТАВЕНО ДО:
- АРХ
- ИС

Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

**Бр..................................**
**Датум ....................................**

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ ПРИ НОСЕЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ СОГЛАСНО ЗИН СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПРОПИШАНАТА РЕГУЛАТИВА И НЕЈЗИНА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА ПРИ ПОДГОТОВКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА ЗА ПРЕТХОДНИТЕ ШЕСТ МЕСЕЦИ И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ ВО РСМ

Скопје, Ноември, 2021 година

СОДРЖИНА

| Опис | Страна |
|---|---|

ПРЕТХОДЕН ИЗВЕШТАЈ


| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | | Резиме | 3 |
| | 1.1 | Вовед и општи информации | 4 |
| | 1.2 | Главни заклучоци | 4 |
| | 1.3 | Главни препораки | 4 |
| 2. | | Вовед | 4 |
| 3. | | Опис на системот | 6 |
| 4. | | Наоди и препораки | 7 |

1. **Резиме**

## 1.1 Вовед и општи информации

Извршена е ревизија на регуларност при носење на подзаконски акти согласно ЗИН, со посебен осврт на пропишаната регулатива и нејзина практична примена при подготовка на извештајот за работа на инспекциските служби за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на надлежните инспекциски служби во РСМ.

Ревизијата е извршена согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2021 година.

Во рамките на ревидираната област опфатени се прашања од законската рамка на ЗИН, подзаконските акти, креираните шестмесечни извештаи од инспекциските служби и годишни извештаи за работа на инспекциските служби од ИС, нивна практична примена, обврските и учинокот на инспекциските служби, начинот на следење на работењето на инспекциските служби, структурите на инспекциските служби, нивна оптимизација и успешност при спроведување на законските обврски.

Проверката на наведените области и нивните цели е извршена со примена на методи како што се интервјуа со надлежни вклучени во процесот, пеглед и анализа на регулатива и документи, надгледување, истражување и друго.

Целта на ревизијата е преку анализа да се процени регуларноста и функционалноста на системите при креирање и практична примена и обработка на податоци за работа на инспекциските служби преку извештаи за претходни шест месеци работа како и на годишниот извештај за работа на истите донесен од ИС со обезбедување оптимизација на инспекциските служби и обезбедување на ефикасно, ефективно и економично работење.

Состојбите што се прикажани во овој извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на утврдените состојби и креирање на јасни и реални препораки кон надлежните лица кои ја покриваат оваа област и кои треба да ги спроведат.

Според непосредниот увид на обезбедената документација, интервјуата со одговорните лица, сумираните резултати, извршената анализа и проценка при примената на донесените законски и под законски акти, преземени се мерки и активности за навремено носење и измена на донесени подзаконски акти кои се во надлежност на Инспекциски совет, унифицирање на процесот на вршење и известување за инспекциски надзор за сите инспекторати, усогласување на законската регулатива а со тоа создавање услови за подобрување на ефикасноста на инспекцискиот надзор со подетално регулирање на работите кои произлегуваат од вршењето на инспекцискиот надзор. Во однос на постапувањето при доставување на шест месечните извештаи на инспекциските служби и годишните извештаи за нивната работа на ИС по добиената документација и опфат на истата за периодот јуили-декември 2020 година утврдени се одредени состојби на нередовно и сеопфатно доставување на истите до Инспекциски совет како и нивна следливот

што доведува до намалена ефикасност при спроведување на потребните анализи и носење правилни мислење, заклучоци и насоки за поголема ефикасност, ефективност и успешност при планира

потврдување на законски пропишаниот рок на нивно доставување или испраќање до Советот.

3.1.4 Некои инспекциски служби не ги објавуваат извештаите за работа на своите веб страници или го посачуваат линкот на Инспекциски совет што укажува на недоследно почитување на пропишаната регулатива за што утврдени се и глоби согласно ЗИН. Воедно не е воспоставена континуирана следливост на објавувањето на извештаите на инспекциските служби со соодветна комуникација и соодветно постапување согласно пропишаната регулатива, а со тоа се оневозможува спроведување на поголема инстутиционална транспарентност и регуларно постапување по истите.

**Препорака 4**
Се препорачува зајакнување на кадровските капацитети во Советот со воспоставување односно иницирање на активности за следливост на објавените извештаи кај сите инспекциски служби во надлежност на Советот, комуникација со надлежните инспекциски служби за утврдување на причините за нивното непостапување по пропишаната обврска, навремено известување и преземање на потребни мерки и активности за нивно надминување.

Изготвил:
Раководител на одделение
за внатрешна ревизија,

**Виолета Јовановска**

# АКЦИСКИ ПЛАН

**Ревизорски извештај за извршена внатрешна ревизија на регуларност при носење на подзаконски акти согласно ЗИН со посебен осфрт на пропишаната регулатива и нејзина практична примена при подготовка на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и годишниот извештај за работа на надлежните инспекциски служби во РСМ**

| 1<br>Препорака бр. | 2<br>Препорака | 3<br>Приоритет | 4<br>Договорени активности | 5<br>Одговорно лице | 6<br>Датум на имплементација |
|---|---|---|---|---|---|
| П 1 | Потребно е одговорните во Инспекциски совет да изнајдат решенија, како што се пишани ургенции и опомени за недоставените податоци до одредени инспекциски слуби, се со цел подобрување на соработката со инспекциските служби, осознавање и дефинирање на проблемите за нивно недоставување, со превземање на активности за нивно разрешување и обезбедување на целосни, навремени и ажури податоци од сите инспекциски служби кои се под негова надлежност за кои нема пропишани законски отстаки и избегнување на непотребни постпаки и казни | Среден | Потребно е одговорните да изнајдат решенија, како што се пишани ургенции и опомени за недоставените податоци до одредени инспекциски тела | -Претседател и членови на ИСовет<br>-Надлежни лица во одделение за следење и координација ма инспекциските служби | Во најкраток можен рок |
| П 2 | Се препорачува воспоставување на унифициран начин на подотовка и носење на точно дефинирани мислења (позитивни или негативни) врз основа на доставените извештаи со доследно и навремено постапување по истите во рамките на законски пропишани рокови со кои не постојат одредби за исклучоци. | Висок | Потребно е да се преземат активности за воспоставување на унифициран начин на носење на мислења и навремено постапување по истите | -Претседател и членови на ИС | На крај август во тековната и крај на февруари во тековна за претходна година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| П 3 | При подготовка на информациите за давање на мислење од страна на надлежните на Инспекциски совет по доставени извештаи од инспекциските служби, се препорачува покрај податоците за датумот на архивски евидентираните хартиени извештаи да се наведи и датумот на нивното електронско доставување заради потврдување на законски пропишаниот рок на нивно доставување или испраќање до Советот. | Висок | Потребно е во содржината на донесените мислења да се наведи и датумот на електронски добиените извештаи | -Надлежни членови на ИС<br>-Надлежни лица во одделение за следење и координација ма инспекциските служби | При подготовка на мислења |
| П 4 | Се препорачува зајакнување на кадровските капацитети во Советот со воспоставување односно иницирање на активности за следливост на објавените извештаи кај сите инспекциски служби во надлежност на Советот, комуникација со надлежните инспекциски служби за утврдување на причините за нивното непостапување по пропишаната обврска, навремено известување и преземање на потребни мерки и активности за нивно надминување. | Висок | Да се преземат приоритетни активности за зајакнување на кадровските капацитети во Советот со воспоставување на активности за континуирано следење на добиените извештаи од страна на инспекциските тела | Претседател и членови на ИС | Во најкраток можен рок |

Одобрил:

Изготвил:

1.Виолета Јовановска